Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 март 2019 година

Скопје, март 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2019 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Асаф Адеми, министер за култура.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- ✓ Усвојување на Записникот од 120-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12.2.2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- ➢ **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

- ➢ **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Иницијатива од Македонска академија на науките и уметностите за зачувување на подвижното минеролошко наследство на Република Северна Македонија

2. Ценовник за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, со Предлог-одлука

3. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020

4. Информација во врска со просторното сместување на Државниот завод за индустриска сопственост

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Музеј - Куманово

6. Предлог-одлуки за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 5347, КП 5346, КП 9022 и КП 12029)

7. Барање на согласност за расходување и отпишување од евиденција на движни ствари - опрема, (Општина Виница) со Предлог-одлука

8. Барање за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, (Основен суд Охрид) со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

9. Политика за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор, со Акциски план за периодот од 2019 година до 2021 година

10. Информација за БРЕГЗИТ и влијанието на македонската економија со Предлог-мерки и листа на извозници

11. Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии, со Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година, за периодот декември 2017 година - декември 2018 година и Нацрт-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година

12. Информација за потребата од решавање на имотно правни работи во постапките поведени пред Министерството за транспорт и врски по поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени линиски инфраструктурни објекти кои претставуваат дел од бесправно изградена топлификациона мрежа во Град Скопје

13. Информација за постапување со отпадот кој се создава од органите на државната управа

14. Информација во врска со Годишниот извештај за напредокот на имплементација на Националниот план за намалување на емисиите од големите согорувачки инсталации во Република Северна Македонија

15. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

16. Предлог-закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година

17. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Црна Гора за уредување на меѓусебните имотно-правни односи

18. Информација за подобрување на правната рамка за проценка на влијание на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата

19. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот октомври - декември 2018 година

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

20. Информација со Акциски план за 2019 - 2020 година за спроведување на Националната стратегија за дрога на Република Македонија 2014 - 2020 година

21. Информација за текот и прогресот за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Северна Македонија

22. Информација за потребата од поддршка од страна на надлежните министерства при имплементирање на реформа на системот за социјална и детска заштита

23. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016-2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јули - декември 2018 година), со Акциски план

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

24. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

**б) политички систем**

25. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за формирање Комисија за гранични премини на Република Македонија со соседните држави

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик професор д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје

28. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово

29. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Национална филхармонија - Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

30. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија

31. Барање за давање на автентично толкување на член 22 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 159/2015)

32. Барање за давање на автентично толкување на член 68 став (3) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18), поднесено од градоначалникот на Општина Центар

33. Барање за давање на автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

34. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.59/2018 од 30 јануари 2019 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 ставови 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018)

35. Иницијатива од Зорица Черкезова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/2014, 33/15, 193/15, 11/18, 83/18 и 120/18)

36. Мислење во врска со претставките од граѓани кои изразуваат незадоволство од донесеното решение на Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат со кое на установите за згрижување на деца од пред школска возраст им се наложува да не се згрижуваат деца кои не се вакцинирани против морбили, рубеола и паротит (МРП)

37. Понуда од нотар Фатмир Ајрули за продажба на недвижен имот со имотен лист бр.7839 за КО Бутел на КП бр.3303 дел 3, викано место /улица „Населба“, Имотен лист бр.100852 за КО Бутел на КП бр.3336 дел 2, викано место/улица „Населба“ и Имотен лист бр.100853 КО Бутел на КП бр.3336 дел 1, викано место /улица „Населба“

**д) други предлози**

38. Кадровски прашања

39. Прашања и предлози

## В. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

40. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло-Скопје, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

41. Конечни извештаи на Овластниот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболочки нарушувања - Скопје, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

42. Полугодишен извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови), со дополнување

43. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки - учеснички, како и состојбата на салдото

44. Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие Македонијапат - Скопје ц.о., за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, со дополнување

45. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот октомври-декември 2018 година

46. Информација за финансиските импликации од договорените казни поради доцнењето на испораката на локомотивите

47. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1.7.2018-31.12.2018 година

48. Годишен извештај за 2018 година на Управата за финансиска полиција

49. Информација за доставување на бараните податоци, согласно пропишаните рокови во договорите за соработка склучени со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој од Програмата 2014-2020

50. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“, за период 2014-2018 година

51. Информација со Предлог-мерките за подобрување на состојбите „Услови за прекугранично тргување” согласно со препораките на извештајот Doing Business 2018 од Светска банка

52. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за декември 2018 година

53. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јануари 2019 година

54. Информација за текот на активностите при реализација на процесот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитет на воздух

55. Информација за реализација за проектот „Водоснабдување на Делчево”

56. Информација за реализација за проектот „Третман на отпадни води во Кочани”

57. Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 - 2022

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

58. Предлог-закон за изменување на Законот за спортот, по скратена постапка

59. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија

60. Информација за завршени преговори, со текст на Предлог-спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање културно-информативни центри во Република Северна Македонија и културно-информативни центри во Република Албанија

61. Информација за одбележување на Меѓународен ден на Ромите 8-ми април

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 120-та седница на Владата, одржана на 12.2.2019 година.

**Пред преминување на Дневен ред:**
**Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата ја разгледа Информацијата за Петнаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, Брисел, 19 март 2019 година, со Нацрт-платформа за настап на македонската делегација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат претставниците на делегацијата на Владата на Република Северна Македонија, на Петнаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, да ги презентираат ставовите содржани во Платформата.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до 30 април 2019 година да ја информира Владата за резултатите од состанокот.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во духот на воспоставената пракса на претходна размена на позициите за настап меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, да ги достави до Европската Унија ставовите на
Република Северна Македонија согласно Платформата за настап на делегацијата на Република Северна Македонија на Петнаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација, најдоцна до 15 март 2019 година.

**Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Иницијативата од Македонска академија на науките и уметностите за зачувување на подвижното минеролошко наследство на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за економија врз основа на поднесената Иницијатива од Македонската академија на науките и уметностите за зачувување на подвижното минеролошко наследство на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена да достави до Владата соодветни измени на Законот за минерални суровини.

**Точка 2**

Владата го разгледа најновиот текст на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Предлог-одлука и по истиот ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014-2020, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со просторното сместување на Државниот завод за индустриска сопственост, и согласно Известувањето на АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, заклучи:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги преземе сите потребни активности за запишување на право на сопственост на предметното земјиште од Известувањето (ул. Орце Николов бр.138, со површина од 182 м2 ), во корист на Република Северна Македонија.

2. По завршувањето на постапката за запишување на правото на сопственост на предметното земјиште, `во кругот каде што е сместено АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (бараките), да се започне со постапка за изградба

на деловен простор за потребите на Државниот завод за индустриска сопственост (како и за потребите на другите државни институции), а Државниот завод за индустриска сопственост при следните буџетирања да предвиди буџетски средства за оваа намена.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа - Музеј - Куманово, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 5347), во предложениот текст.

2. Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 5346), во предложениот текст.

3. Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 9022), во предложениот текст.

4. Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 12029), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го разгледа Барањето на согласност за расходување и отпишување од евиденција на движни ствари - опрема, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад со заклучок Основниот суд Виница редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање,

преработка, рециклирање и уништување на отпад, со најнов текст на Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Политиката за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор, со Акциски план за периодот од 2019 година до 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува министерот за финансии, во рок од еден месец, да формира Комитет за мониторинг на спроведувањето на Политиката за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор во кој ќе членуваат: еден висок раководен службеник од Министерството за финансии (координатор/претседавач), еден претставник од Генералниот секретаријат на Владата (одговорен за Приоритет 1), еден претставник од Министерството за информатичко општество и администрација (одговорен за Приоритет 2) и двајца претставници од Министерството за финансии - Централна единица за хармонизација (еден член одговорен за Приоритетите 3, 4 и 5 и еден член одговорен за Приоритетите 6, 7 и 8).

2. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата и Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 15 дена до Министерството за финансии да достават номинација на членови на Комитетот за мониторинг на спроведувањето на Политиката за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Генералниот секретаријат на Владата, во соработка со останатите пилот - институции кои ќе бидат вклучени, да го реализираат Акцискиот план на овој документ.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за БРЕГЗИТ и влијанието на македонската економија со Предлог-мерки и листа на извозници и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Министерството за финансии и Царинската управа, до Владата да достави предлог-одлука за воведување на автономни мерки, со условна примена од 30.03.2019 година.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и Министерството за економија за наредната седница на Владата да достават информација за третманот на македонските стоки при извоз во Обединетото Кралство во случај на „тврд Брегзит“ и изнаоѓање на решенија за увоз без царини на производи со македонско потекло.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за работата на Советот за управување со јавни финансии, со Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година, за периодот декември 2017 година - декември 2018 година и Нацрт-акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Бирото за јавни набавки и Државниот завод за статистика, а се препорачува на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државниот завод за ревизија да ги реализираат активностите од Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година, согласно планираната динамика и за истото да ги обезбедат потребните ресурси (материјално - технички, човечки и финансиски).

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од решавање на имотно правни работи во постапките поведени пред Министерството за транспорт и врски по поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени линиски инфраструктурни објекти кои претставуваат дел од бесправно изградена топлификациона мрежа во Град Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија како надлежен орган за заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија да ги преземе сите потребни дејствија во насока на решавање на имотно правните работи за катастарските парцели наведени во оваа Информација.

2.Се задолжува Министерството за транспорт и врски, веднаш по добивање на доказ за решени имотно правни работи на катастарските парцели за кои се однесува информацијата, да ја продолжи постапката за утврдување на правен статус на бесправно изградените линиски инфраструктурни објекти кои претставуваат дел од бесправно изградената топлификациона мрежа во Град Скопје согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

## Точка 13

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за постапување со отпадот кој се создава од органите на државната управа поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 14

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Годишниот извештај за напредокот на имплементација на Националниот план за намалување на емисиите од големите согорувачки инсталации во Република Северна Македонија, ја усвои и му препорача на АД за производство на електрична енергија Електрани на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје (РЕК Битола и Осломеј), во соработка со Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да ги интензивираат активностите предвидени за намалување на емисиите на сулфур диоксид, азотните оксиди и прашина, како и спроведувањето на Националниот план за намалување на емисиите од големите согорувачки инсталации на Република Северна Македонија и за истото да ја информира Владата во рок од 30 дена.

## Точка 15

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец", Општина Прилеп, со Предлог-одлука, поради потребата истата да се разгледа по завршувањето на изборниот процес.

## Точка 16

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година, за наредната седница на Владата.

## Точка 17

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Црна Гора за уредување на меѓусебните имотно-правни односи (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии а за повереници Шасине Касами, директор на Управата за имотно правни работи и Наташа Дескоска директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за подобрување на правната рамка за проценка на влијание на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 15 дена на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија согласно насоките дадени во оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 15 дена од донесување на предлог-деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, да достави до Владата нова методологија за ПВР и ОСР, нова одлука за формата, содржината и начинот на подготвување на Извештајот за ПВР и Извештајот за ОСР и ново упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот октомври - декември 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Министерството за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, Управата за јавни приходи и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, а се укажува на Државната комисија за одлучување од втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика - центри за социјална работа, Агенцијата за администрација и ЈРП Национална радио телевизија - Скопје, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на октомври, ноември и декември 2018 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да испраќаат известување до Народниот правобранител

и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за јануари и февруари 2019 година во рок од пет дена, а за март 2019 година до 5 април 2019 година, да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Акциски план за 2019 - 2020 година за спроведување на Националната стратегија за дрога на Република Македонија 2014 - 2020 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот да ги дополни предлог-заклучоците согласно мислењето на Министерството за правда и да го достави најновиот текст на Акцискиот план - коригиран и дополнет согласно мислењето на Министерството за финансии, Министерството за правда и Град Скопје.

Исто така мислење по материјалот да достават Министерството за култура, Министерството за образование и наука и Агенцијата за лекови и медицински средства (МАЛМЕД).

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика на секои шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Северна Македонија.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од поддршка од страна на надлежните министерства при имплементирање на реформа на системот за социјална и детска заштита и го усвои со заклучок:

-се задолжува Министерството за образование и наука добиените податоци од училиштата за назначени координатори за внесување на податоци за редовност на учениците кои би го оствариле правото на додаток за образование да ги достави до Министерството за труд и

социјална политика во рок од една недела од влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016-2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јули - декември 2018 година), со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати најновиот текст на Акцискиот план за 2019/2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, на секои шест месеци, да ја информира Владата за прогресот на мерките и активностите предложени во рамките на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година за наредната седница на Владата поради дополнителни усогласувања по истата.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање Комисија за гранични премини на Република Македонија со соседните држави, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик професор д-р Димитар Арсов“ - Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Македонска филхармонија - Скопје (нов текст) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на Одлуката да се преработи, односно во насловот и во член 1 да стои: „Националната установа Национална филхармонија - Скопје".

## Точка 30

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, поради потребата Министерството за правда да достави мислење.

## Точка 31

Владата не расправаше по Барањето за давање на автентично толкување на член 22 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 159/2015), поднесено од јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## Точка 32

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 68 став (3) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18), поднесено од градоначалникот на Општина Центар и притоа го утврди следново мислење:

Со членот 68 од Законот за нотаријатот е уредено прашањето за поднесувањето на предлог за издавање на решение на нотарски платен налог. Притоа ставот (2) утврдува дека предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог или по однос на одлуката за трошоците, приговорот против решението на нотарот со кое се отфрла предлогот како неуреден, предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, приговорот против решението на нотарот за укинување на потврдата за правосилност и извршност, приговорот против одлуката на нотарот со која се одбива предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, жалбата против решението на судот, задолжително ги составува

адвокат и содржат адвокатски печат и потпис, освен доколку доверител е Република Северна Македонија.

Ставот (3) на членот 68 од Законот за нотаријатот ги уредува исклучоците под кои за одреден тип на комунални услуги кои не надминуваат одреден износ, а кои прецизно се утврдени во Законот, доверителот го доставува предлогот за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа непосредно до нотарот. Притоа, утврдено е дека:
„предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги и тоа:

- за вода, смет и одржување на заеднички простории за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 денари,

- за електрична или топлинска енергија за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 15.000,00 денари,

- за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 денари,

се поднесува непосредно до нотарот, без плаќање на обврската за судска такса.“.

Ваквата законска одредба има за цел намалување на трошоците на граѓаните во постапките за присилна наплата на најбројните и најчувствителните предмети - долговите за комунални и други јавни услуги како вода смет, одржување заеднички простории, електрична и топлинска енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори.

Имајќи ги предвид наведените одредби, а од друга страна поставеното прашање во однос на третманот за комуналнатата услуга за паркинг која ја врши Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“, се смета дека е неспорно дека одредбите од членот 68 став (3) од Законот за нотаријатот не ја опфаќаат споменатата комунална услуга во исклучоците, што подразбира дека се применуваат одредбите на ставот (2) од членот 68 од Законот за нотаријатот.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување за оваа одредба од Законот за нотаријатот.

## <u>Точка 33</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија смета дека не е потребно дополнително толкување на членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од причина што, во него е точно наведено за кој, кога и како е забрането рекламирањето. Сепак, имајќи ги предвид суштинските измени на овој закон, за што беа усвоени два закони за измени и дополнувања на истиот, одредени појаснувања се корисни во однос на усогласувањето на активностите определени со членот 102.

Со член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.246/18 на 31.12.2018 година, а кој стапи во сила на 8.1.2019 година, прецизно е наведено, дека се забранува рекламирање на државни органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните институции, како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост и не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери.

Во член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 27/19, на 5.2.2019 година, наведено е дека на членот 46 се додава нов член 46-а, кој се однесува за забраната на рекламирање определена со член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.246/18).

Членот 46-а гласи: „Договорите на државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоунрава, јавните установи и институции како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост склучени врз основа на членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), остануваат во сила се до истекот на нивната важност, а по истекот на истите, државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост се должни да го усогласат своето работење со членот 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 246/18).

Оттука, а поради тоа што во периодот на донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.246/18), одредени органи за кои се однесува забраната за рекламирање веќе имаа активни договори за рекламирање, кои доколку се раскинат ќе имаат негативни финансиски влијанија врз нивните буџети, поради активирање на одредени казнени пенали.

Оттука, со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.27/19) забраната за рекламирање има одложно дејство за оние органи кои се во опишаната ситуација и истите се должни да ја почитуваат оваа забрана по истекот на веќе склучените договори.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на овој член од Законот.

**<u>Точка 34</u>**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.59/2018 од 30 јануари 2019 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 244 ставови 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 244 став (3) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е утврдено дека основачот, сопственикот, одговорното лице, раководителот, контролорот, претседателот и членовите на комисијата за полагање на возачкиот испит вработени во испитниот центар не смеат да ги извршуваат своите работни задачи во испитниот центар, доколку тие, нивните сопружници и членовите на нивните семејства по права линија до прв степен, се основачи, сопственици или вработени во автошкола, односно подружница која врши оспособување на кандидати за возачи на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит.

Во однос на оспорувањето на наведената одредба, Владата смета дека истата не е во спротивност со член 9 и член 32 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, оваа одредба не предизвикува дискриминација на граѓаните ниту забрана за вршење на работа или слободен избор на вработување, туку напротив, со оваа одредба се обезбедува уставното начело на еднаквост на сите граѓани, бидејќи се оневозможува поради семејни врски фаворизирање на определена категорија на кандидати за возачи кои се оспособуваат во автошколи чии вработени се семејно поврзани со вработени во испитниот центар, за сметка на друг кандидат за возач кој се оспособува во друга автошкола.

Во контекст на наведеното, се укажува дека до влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/18), предметното ограничување важеше во многу пошироки рамки, односно по права линија до трет степен и се однесуваше за целата територија на Република Македонија.

Меѓутоа, токму по барање на одредени автошколи ова ограничување беше сведено на минимум и тоа по права линија до прв степен и единствено на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит, имајќи за цел заштита од т.н „семејни врски" и овозможување рамноправност односно еднаквост на сите кандидати за возачи.

Оспорениот член 244 став (4) се однесува на обврската на лицата од ставот (3) на овој член (основачот, сопственикот, одговорното лице, раководителот, контролорот, претседателот и членовите на комисијата за полагање на возачкиот испит вработени во испитниот центар) да потпишат изјава за непостоење на судир на интереси заверена на нотар (која претставува дел од досието во испитниот центар) дека немаат судир на интереси, односно дека тие, нивните сопружници и членовите на нивните семејства по права линија до прв степен, не се основачи, сопственици или вработени во автошкола, односно подружница која врши оспособување на кандидати за возачи на подрачјето на кое испитниот центар е овластен да врши работи на организирање и спроведување на возачки испит.

Во однос на оспорувањето на наведената одредба се укажува дека истата е тесно поврзана со претходната одредба (член 244 став (3)) и има за цел обезбедување потврда, како доказ во писмена форма, за непостоење на семејна поврзаност помеѓу вработените во автошколите и испитните центри.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата смета дека оспорените одредби од членот 244 ставови (3) и (4) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18), се во согласност со член 9 и член 32 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата од Зорица Черкезова од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/2014, 33/15, 193/15, 11/18, 83/18 и 120/18) и притоа го утврди следното мислење

Со поднесената Иницијативата подносителот предлага Уставниот суд да поведе постапка за оцена на уставноста и законитоста на член 43 став 1 од Законот за инспекциски надзор, и подоцна истиот да го укине/поништи како одредба со која се повредува член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и воедно спротивна на член 106 став 1 од Законот за општа управна постапка. Оспорената одредба од Законот за инспекциски надзор, гласи: „против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението ако со закон не е предвиден пократок рок."

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 2 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15, Законот за општа управна постапка се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги за да став 2 предвидува дека со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирани со овој закон.

Согласно член 106 став 1 од Законот за општата управна постапка, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок.

Со член 12 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) е предвидено дека „во постапката на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено", за во став 2 законодавецот дава можност одредени прашања во врска со инспекцискиот надзор може да се уредат со посебни закони.

Од самата содржина на претходно наведените уставни и законски одредби, произлегува дека член 43 став 1 е во согласност со Уставот и законите, од причина што се работи за конкретизирање на рок во материјалниот закон, кој е посебен закон, согласно потребата и ефикасноста на самата постапка, а цитираните уставните и законските одредби тоа и го дозволуваат.

Законот за општа управна постапка, како процесен закон меѓу другото го уредува и прашањето на заемен однос на општата управна постапка во однос на посебните управни постапки преку начелото на супсидијарност, на начин што сите процедурални прашања кои не се уредени со посебните управни постапки од соодветна област, во тој случај се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка. Имајќи ја во предвид околноста дека Законот за општа управна постапка во целост не ги исцрпува сите правила на посебните постапки, а спроведувањето на инспекцискиот надзор е посебна постапка, истиот овозможува посебните постапки во одделни области, поради нивните специфичности да бидат уредени со посебни процесни правила на начин различен од Законот за општа управна постапка. Поради можноста која ја дава Уставот и Законот за општа управна постапка, во постоечкиот правен систем има

повеќе постапки во одделни области, кои со своите посебности и специфики се разликуваат од општото уредување на управната постапка, притоа запазувајќи ја максимата дека посебната постапка ја исклучува примената на општата постапка, а општата ги дополнува прашањата кои не се уредени со посебната или истата се применува доколку не е предвидена посебна постапка во одделна област.

Со оспореното законско решение, законодавецот пред сè се стремел за поефикасна постапка и заштеда на време на субјектите на надзор, задоволувајќи ги нивните потреби и барања, како и можноста за ефикасен и ефективен исход на постапката.

Согласно горенаведеното, оспорената одредба е прецизна, јасна и недвосмислена и со истата не се повредува начелото на владеење на правото. Оспорената одредба е во функција на доследно спроведување на Уставот и законот, со што во конкретниот случај не станува збор за злоупотреба на правата на сите лица вклучени во процесот.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорената одредба од Законот за инспекциски надзор е во согласност со член 8 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18).

## Точка 36

Владата го разгледа Мислењето во врска со претставките од граѓани кои изразуваат незадоволство од донесеното решение на Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат со кое на установите за згрижување на деца од пред школска возраст им се наложува да не се згрижуваат деца кои не се вакцинирани против морбили, рубеола и паротит (МРП) и по истото утврди мислење врз основа на мислењата на Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Државниот санитарен и здравствен инспекторат кои се доставени до Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

## Точка 37

Владата ја разгледа Понудата за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.7839 за КО Бутел на КП бр.3303 дел 3, викано место /улица „Населба", Имотен лист бр.100852 за КО Бутел на КП бр.3336 дел 2, викано место/улица „Населба" и Имотен лист бр.100853 КО Бутел на КП бр.3336 дел 1, викано место /улица „Населба", доставена од нотар Фатмир Ајрули од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните Мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 38**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 39**

1. Владата го прифати Барањето на Министерството за финансии за изменување на Заклучоци од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.3.2019 година, по Точка 62 „Прашања и предлози“ и заклучи истите да гласат:

„1. Се задолжуваат Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија, да прибават сопственичка документација, односно имотни листови за објектот со содржани податоци за прибележување и товари на предметната недвижност (Лист Г) и податоци кои се однесуваат на градежното земјиште на кое се наоѓаат деловните простории кои се запишани во Катастарот на недвижности.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија, од страна на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Прагматика ДООЕЛ Гостивар, да ги прибават потребните податоци поткрепени со соодветна документација за деловните простории/делови од објектот што треба да се руши, а на кои сопственик е Друштвото, вклучувајќи податоци и документација за ново предвидениот станбено - деловен објект.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија, за утврдената состојба врз основа на претходно прибавено мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ја информираат Владата.“

2. Министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ ги информира членовите на Владата во врска со протестите на поранешните вработени во АД Охис - Скопје дека истите оствариле средби со него, како и со претседателот на Владата, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и министерот за економија, м-р Крешник Бектеши.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 4 март 2019 година до 10 март 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата го разгледа Барањето од Министерството за економија за поништување на заклучоци и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија по завршувањето на Петнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница во рок од 30 дена до Владата на Република Македонија да достави извештај за истиот (Извадок од 41-та седница на Владата одржана на 5.10.2017 год, т.21, заклучок бр.3) да се поништи заклучокот за доставување на Извештај во врска со одржување на Петнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 14-ти декември 2017 година во Приштина, Косово бидејќи доставена е нова информација за 18-от Министерски состанок.

2. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Регулаторната комисија за енергетика да ја разгледа можноста за прифаќање на иницијативата на компанијата „Пистоло ДООЕЛ" - Скопје, за воведување на модел со динамична повластена тарифа каде цената би имала опаѓачка вредност, а вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија би имала растечка вредност и врз основа на истиот да се изврши зголемување на вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електричната енергија од фотонапонските електроцентрали и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата (Извадок од 94-та седница на Владата, одржана на 15.2.2017 година, Пред преминување на дневен ред, заклучок бр.16) да се поништи заклучокот, имајќи предвид дека со донесувањето на Законот за енергетика и подзаконските акти од областа на обновливите извори на енергија, кои се во завршна фаза на изработка предвидено е воведување на премиуми како нови мерки на поддршка при производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

5. Во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од 124-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5.3.2019 година, Точка 24, Информација за начинот на извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817(1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите Нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, со предлог-насоки за извршување на обврските на Република Северна Македонија кои произлегуваат од Конечната спогодба и Уставните амандмани и Уставниот закон, Владата заклучи да се измени заклучокот број 5 и истиот да гласи:

„5. Се задолжуваат секторите за односи со јавноста на сите институции постојано да го следат спроведувањето на уставните амандмани и обврските од Конечната спогодба во дигиталната сфера во Република Северна Македонија и во странство (сите официјални интернет страници на државите и другите релевантни меѓународни субјекти, како и нивните официјални профили на социјалните мрежи; електронските и печатените медиуми; НВО и истражувачко-академските институции и слично) во својата област и при воочување на недоследности, веднаш да го информираат секторот за односи со јавноста на Министерството за надворешни работи и по добиените насоки, веднаш соодветно да реагираат до односните институции барајќи корекции".

6. Во врска со одржаниот состанок помеѓу генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со директорите на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и НУ Ансамбл на албански народни песни и ора во Република Северна Македонија - Скопје, за обезбедување на простории за овие две институции, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во најкраток можен рок да ја заврши постапката за технички прием на објектот државна институција и ФДУ (Факултет за драмски уметности) за да може да се запише во Агенцијата за катастар на недвижности, по што Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија старите простории на Управата за финансиска полиција да ги даде на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, а дел од просторот на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството да го даде на НУ Ансамбл на албански народни песни и ора во Република Северна Македонија - Скопје.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да му овозможи на НУ Ансамбл на албански народни песни и ора во Република Северна Македонија - Скопје, пробите/вежбите да ги одржува во просториите на Домот на Армијата на Република Северна Македонија, со однапред одреден термин од страна на Ансамблот.

## <u>Точка 40</u>

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло-Скопје, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

По овој повод, Владата заклучи:

1. Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло-Скопје, да пристапи кон изготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за здравство на месечно ниво до Владата да доставува извештај за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на

дадените препораки од конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје.

3. Се задолжуваат сите министерства, во иднина кога ќе го информираат Државниот завод за ревизија за преземените мерки по однос на наодите/препораките од конечните извештаи, задолжително во прилог да доставуваат и писмен документ/доказ за преземените активности.

4. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество и администрација да изнајдат начин/решение за усогласување на утврдените нивоа на работни места утврдени во Законот за здравствена заштита, актите за организација и систематизација на работните места во јавните здравствени установи и Колективниот договор за здравствена дејност.

## Точка 41

Владата ги разгледа Конечните извештаи на Овластниот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболочки нарушувања - Скопје, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје, да пристапи кон изготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извешти за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за здравство на месечно ниво до Владата да доставува извештаи за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје.

3.Се задолжуваат сите министерства, во иднина кога ќе го информираат Државниот завод за ревизија за преземените мерки по однос на наодите/препораките од конечните извештаи, задолжително во прилог да доставуваат и писмен документ/доказ за преземените активности.

4. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество и администрација да изнајдат начин/решение за усогласување на утврдените нивоа на работни места утврдени во Законот за здравствена заштита, актите за организација и систематизација на работните места во јавните здравствени установи и Колективниот договор за здравствена дејност.

5. Се задолжува Министерството за здравство во рок од 30 дена да ја информира Владата за исходот од постапувањето на Управата за јавни приходи во врска со наодот за сторнираните фискални сметки во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија.

## Точка 42

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови), со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

## Точка 43

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки - учеснички, како и состојбата на салдото, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Националната банка за поддршка на развојот АД Скопје, во соработка со Министерството за финансии, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и Министерството за економија да ги разгледаат можностите за директно пласирање на средствата на мали и средни претпријатија и за истото да подготват соодветна програма.

## Точка 44

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавно претпријатие Македонијапат - Скопје ц.о., за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

## Точка 45

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот октомври-декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиските импликации од договорените казни поради доцнењето на испораката на локомотивите, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1.7.2018-31.12.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2018 година на Управата за финансиска полиција, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на бараните податоци, согласно пропишаните рокови во договорите за соработка склучени со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој од Програмата 2014-2020, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“, за период 2014-2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-мерките за подобрување на состојбите „Услови за прекугранично тргување" согласно со препораките на извештајот Doing Business 2018 од Светска банка, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јануари 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите при реализација на процесот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитет на воздух, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација за проектот „Водоснабдување на Делчево", како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација за проектот „Третман на отпадни води во Кочани", како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 - 2022, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за спортот, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за спортот, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 59

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија и притоа го утврди следното мислење:

Измената на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се врши согласно на член 16 став (5 ) и став (6) и член 236 став (10) од Законот за енергетика донесен на 5 јуни 2018 година, каде е регулирано дека Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија донесува Статут со којшто се уредуваат прашања поврзани со нејзиното внатрешно уредување, како и начинот на работа и одлучување, како и тоа дека Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија, со цел усогласување на називот на Комисијата и додавање на зборовите „водни услуги", како и усогласување со зголемените надлежности на Комисијата поради Третиот енергетски пакет на Европската Унија и Договорот за основање на Енергетската заедница. Исто така измената се врши и поради усогласување со Законот за цени на водни услуги, усогласување со Законот за употреба на јазиците, како и усогласување со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI од Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија.

За предложената Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки, освен една која е од техничка природа:
- во член 27 став (4) наместо делот од реченицата „за време на енергетски дејности", треба да стои „за вршење на енергетски дејности".

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за завршени преговори, со текст на Предлог-спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање културно-информативни центри во Република Северна Македонија и културно-информативни центри во Република Албанија и притоа УСЛОВНО ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. УСЛОВНО го прифати текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање културно - информативни центри во Република Северна Македонија и културно - информативни центри во Република Албанија, доколку во текот на денешниот ден до 16.00 часот Министерство за финансии - Царинска управа, го потврди текстот на Спогодбата, односно нема забелешки по истиот.

2. Го задолжи м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање културно-информативни центри во Република Северна Македонија и културно-информативни центри во Република Албанија.

Исто така, доколку Министерство за финансии - Царинска управа, има укажувања и забелешки по текстот на Спогодбата, предметниот материјал да се смета за неусогласен текст и истиот да се врати на доработка и усогласување помеѓу двете договорни страни, а по неговото усогласување новиот усогласен текст да се достави на прифаќање и усвојување до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на Меѓународен ден на Ромите 8-ми април, како материјал за информирање.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:10 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**